# Одржана јавна расправа за четири нацрт- подзаконски акти

**Скопје, 26.11.2014-** Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржа јавна расправа за следниве подзаконски акти : Нацрт – Правилник за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти,

Нацрт – Правилник за програми со наградно учество и за користење телефонски услуги со дадена вредност, Нацрт – Упатство за примена на одредбите за пласирање производи и Нацрт – Упатство за начинот на мерење на гледаноста на програмите, односно програмските сервиси радиодифузерите што емитуваат телевизиска програма од Република Македонија.

На јавната расправа присутни беа претставници на радиодифузери од државно, регионално,локално ниво, рекламни агенции и истражувачки агенции, како и од други заинтересирани субјекти, кои дадоа забелешки и ставови.